**20262183541**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 септември 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/26) во делот I став (2) во воведната реченица износот „250.000.000,00“ се заменува со износот „150.000.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | 40.000.000,00 |
| 2. | Неизмирени обврски по подмерки од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството од 2022, 2023, 2024 и 2025 година | 110.000.000,00 |
| Вкупно | | 150.000.000,00 |

“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „140.000.000,00“ се заменува со износот „40.000.000,00“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-7020/8
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.